Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 октомври 2003 година.

Бр. 07-5173/1
20 октомври 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Член 1

Во Законот за заштита од пушењето ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95) во членот 2 алинеја 3 по зборот "културни" се додаваат зборовите: "и забавни".

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

" - жичари и ски-лифтови;"

Во алинејата 5 која станува алинеја 6 по зборот "храна" се додаваат зборовите: "и интернет-кафиња".

Во алинејата 6 која станува алинеја 7 по зборовите: "простории во " се додаваат зборовите: "државните органи, установи и институции и во органите на локалната самоуправа во."

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

"-заеднички простории во станбена зграда и заеднички делови на станбена зграда (светларници, лифтови, заеднички котларници и слично) утврдени со закон."

Досегашната алинеја 8 станува алинеја 9.

Член 2

Во членот 3 став 1 по зборот "истакне" се додаваат зборовите: "на видно место".

Во ставот 2 по зборовите: "истакнувањето на" се додаваат зборовите: "на видно место на".

Член 3

Членот 4 се менува и гласи:

"Се забранува рекламирање на цигари и заштитни знаци на цигари и на тутунската индустрија во дневниот, неделниот и месечниот печат, како и во други списанија, на радио и телевизија, по пат на филмски дијапозитиви, филмови, паноа, табли, налепници и други фор-

ми на странски и домашни реклами на јавни места, на објекти и средства за превоз (сообраќај) по пат на светлечки реклами, книги, календари, облека, вклучувајќи и спонзорирање на спортски, културни, забавни и други јавни приредби и манифестации од страна на претпријатија или други правни лица кои се занимаваат со производство и продажба на тутунски производи.“

Се забранува индиректно рекламирање на тутун и тутунски производи што носат име на тутунски производи, а не се тутунски производ.

Член 4

Во членот 5 бројот “16“ се заменува со бројот “18“.

Член 5

По членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

“Член 5-а

Се забранува продажба на цигари во објектите кои се оддалечени од претшколските и школските воспитно-образовни установи на растојание помало од 50 метри и во објектите кои се сместени во спортско-рекреативните површини.

Се забранува продажба на тутунски производи на парче (по цигара), продажба преку автомати, места за самопослужување, како и продажба по нарачка.“

Член 6

По членот 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

“Член 7-а

Правните и физичките лица кои произведуваат и вршат промет на тутун и тутунски производи се должни на писмено барање на инспекциските органи да дадат потребни информации за составот на производот, согласно со закон.“

Член 7

Членовите 9 и 10 се менуваат и гласат:

“Член 9

Со парична казна од 100.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок претпријатие или друго правно лице, ако постапи спротивно на членовите 3, 4, 5, 5-а, 6 и 7-а од овој закон.

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во претпријатието или друго правно лице, со парична казна од 20.000 до 45.000 денари.

Член 10

Со парична казна од 5.000 до 15.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице ако пуши во просторија каде што е забрането пушењето (член 2).

За прекршокот од став 1 на овој член со парична казна од 5.000 денари, може да се казни физичко лице и на самото место на прекршокот.“

Член 8

Претпријатијата или другите правни лица се должни да го усогласат своето работење според одредбите на овој закон во рок од седум месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.